ЈАНУАРИ - ФЕВРУАРИ 2003 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

**Излет во градското двориШте**

Еколошкото друштво ЕКОМЕНТ од Прилеп, во мементов работи на реализација на проектот финансиран од страна на РЕЦ, во рамките на Програмата за национални гранотви.

3

**ПомоШ во приоритетните инвестициони програми во животната средина**

4

**Ready to take a big step forward?**

Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!

6

**Нова иницијатива на Европската Комисија за подземни води**

7

**Зелена Недела 2003**

Како последица на Светскиот самит за оддржлив развој оддржан во Јоханесбург, во Брисел од 2 до 5 Јуни 2003, ќе се оддржи Конференцијата на Зелената Недела 2003

9

## Управување со цврсти отпадоци



*Невладината еколошка организација НОВИНА од Скопје, во соработка со локалната самоуправа на општината Сарај, невладината организација МОСТОВИ од Скопје и еколошкото друштво ЕКО-ЛАБ од с. Лабуништа започна со работа на проектот Управување со цврсти отпадоци во рурални средини, поддржан од Регионалниот центар за заштита на животната средина, со финансиска поддршка од Данското министерство за животна средина и енергија. Проектот се однесува на информирање и едуцирање на населението за третманот на домашниот отпад и на подигнување на свеста на луѓето за намалување на ѓубрето. Во него се дава акцент на директна едукација за практично спроведување на постапките за компостирање - рециклирање на одредени компоненти на комуналниот отпад по природен пат и на едноставен начин (што може да го врши скоро секој еден член на заедницата), при што, дел од отпадот се претвора во*

корисна материја за природата - хумус, наречен црно злато.

Централна активност на проектот е одржување на информативно-едукативна трибина со теоретски и практичен дел. Во теоретскиот дел ќе се презентира Анализа за состојбата со цврстите отпадоци во Р.Македонија и ќе се одржат предавања на теми: Управување со цврстите отпадоци според западните искуства; Рециклирање на хартија, Рециклирање на пластика и Компостирање кои ќе бидат проследени со видео снимки. Во практичниот дел ќе се демонстрира започнување на процес на компостирање, за што ќе бидат изработени 2 компостери, од кои едниот ќе се лоцира пред општинската зграда во Рекреативниот центар *Сарај* (каде ќе се одржи трибината), а другиот во централното училиште во оваа општина. Исто така, ќе биде презентирана и еколошка опрема на *Еколес* од СР Словенија. На трибината ќе биде поделена брошура, изработена од членови на НВО НОВИНА која ќе биде издадена на македонски и албански јазик, со налов Што со сметот, со која луѓето ќе можат да се обучуваат како да го намалат, селектираат и компостираат домашниот отпад.

За учество на трибината, која ќе се одржи во јуни оваа година, ќе бидат поканети околу 50 претставници на еколошките друштва и здруженија од рурални средини (селата Сарај, Лабуништа, Зрновци, Кривогаштани, Јосифово, Бистрица, Чашка,Пештани, Велешта, Драчево, Делогожда, Стојаково, Старавина, Богданци,Бистрица, Романовце, Чешиново, Борисово и др.), каде компостирањето најлесно може да се практикува. Заради отсликување на еколошката состојба и начините на постапување со домашниот и земјоделскиот отпад во застапените села, ќе биде споведена анкета, на база на чиишто резултати ќе биде изготвена информација која, исто така, ќе се презентира на трибината.

Цел на проектот, меѓудругото, е, учесниците кои на трибината ќе се стекнат со извесна обука и ќе добијат напишан материјал (брошура), од своја страна да покренат иницијативи за организирање на вакви трибини и во нивната средина (општината, месните заедници, училиштата и други организации), со што ќе се придонесе за едукација на поширок слој од населението во доменот на постапувањето со цврстите отпадоци, која кај нас е на многу ниско ниво.

Сите подетални информации во врска со проектот, можат да се добијат на адреса:

НВО НОВИНА, Анкарска 21 / 7 ,1000 Скопје
Тел. бр.02/ 379-548
е-маил: bubapet@hotmail.com

**Адреса на главната канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2/2
1000 Скопје
Тел: 02 131 904
Факс: 02 128 116
e-mail: rec@rec.org.mk

# Излет во градското двориШте



Еколошкото друштво ЕКОМЕНТ од Прилеп, во мементов работи на реализација на проектот Излет во градското двориште, финансиран од страна на РЕЦ, во рамките на Програмата за национални гранотви.

**Цели на проектот се:**

- Поттикнување свесност за одржливо решавање на еколошки проблеми, посебно со загадувањето на излетничките места;
- Поттикнување свесност за еко-деловен пристап во решавање на еко проблемите;
- Зголемување на улогата на НВО секторот преку сензибилизација и едукација со цел да добијат консултантска или посредничка улога во развојот на еко-деловни проекти.

**Целите на проектот треба да се остварат преку:**

- Сензибилизација на целни групи (НВО, ЕЛС, ЈКП, државни власти,сопственици на земјишта, бизнисмени) за решавање на проблемот преку сензитивни и едукативни воркшопови;
- Креирање на ВЕБ страница;
- Изготвување на лифлети, едукативна брошура за Одржливост низ еколошка деловност се цел едукација на целните групи за одржливо решавање на еколошките проблеми со инволвирање на бизнис секторот.
- Информирање на јавноста за проектот.

За потребите на проектот се сензибилизирани целните групи, до кои е покажан добар интерес за едукација за еко-деловност, потпишани се договори за заеднички настап - Меморандуми за соработка на еко НВО-ите и оние НВО-и кои имаат мисија екологија и ЕЛС и ЈКП. Формирана е ЕКО НВО шемата и организирани се едукативните воркшопшви за ЕКО НВО шемата, ЕЛС,ЈКП и идните едукатори за одржливост низ еколошка деловност во другите 4 целни градаови во Македонија (Кавадарци, Неготино, Македонски Брод и Битола). За таа цел е подготвена ВЕБ страна на која можат да се најдат материјали за еко-деловна едукација и вкупните активности за самиот проект и издаден е учебник-брошура за Одржливост низ еко-деловност. За сето ова се приложени списоци на учесници и записници од воркшоповите, хендаути за сензибилизација, потпишани меморандуми за соработка. Одржани се работни средби со стручни лица од повеќе обласи на кои е разговарано за пилот проектот Шаторов камен и е изразена нивна спремност да направат напори за структуирање на ГИМ катастарските парцели кој сега се дефинирани како рекреативно туристичка зона на Прилеп.



Следни активности во рамките на проектот се работни состаноци со стручни лица, формирање на Креативен туристички борд во Прилеп, интензивна сензибилизација на бизнис секторот за вклучување во работата на креативниот туристички борд, креирање на планови за одржливо стопанисување со ГИМ, креирање на акти на формираните тела, сензибилизација на граѓаните за користење на ГИМ преку постер, лифлет и ТВ кампањи, Промотивен пикник, Анкети на граѓани , Постојано модерирање на ВЕБ страницата.

Подетални информации за текот на проектот можат да се најдата на веб-страницата на проектот: http://www.ekogim.org.mk/

# ПомоШ во приоритетните инвестициони програми во животната средина - Вмрежување на финансиските експерти и експертите од областа на животната средина

*Во рамките на првата компонента од Програмата за реконструкција на животната средина за Југоисточна Европа (РЕРеП) Европската Комисија ги финансираше проектите РЕРеП 1.2: "Помош во приоритетните инвестициони програми во животната средина - развој и спроведување", и РЕРеП 1.5.1 "Вмрежување на финансиските експерти и експертите од областа на животната средина во ЈИЕ". Проектите се реализираат во шест држави опфатени во програмата РЕРеП.*

Општата цел на овие два проекта е да овозможат помош во планирањето и финансирањето на инвестициите во областа на животната средина во Југоисточна Европа и да го зајакне институционалниот капацитет на земјите од регионот во оваа област. Специфична цел на проектот РЕРеП 1.2 е подршка на развој на регионална стратегија за инвестиции во областа на животна средина, вклучувајќи и листа на приоритетни регионални проекти за инвестиции. Проектот РЕРеП 1.5.1 има комплементарен карактер и неговата цел е помош во развивањето на институции и политики, кои ќе ја зајакнат способноста на земјите од Југоисточна Европа во спроведувањето на регионалната стратегија за инвестиции во животната средина.

Во рамките на проектот во Македонија ќе бидат реализирани следните активности:

- Собирање и анализа на постоечките национални и интернационални документи кои ги опишуваат потребите и приоритетите на Македонија од областа на животната средина

- Собирање од Министерството за животна средина и просторно планирање стратегиите за животна средина и акциините планови, како и други документи, вклучувајќи меѓународни документи кои ги опишуваат потребите и приоритетите на Македонија од областа на животната средина. Со цел собирање на релевантни ифнормации, ќе се побара соработка и од други министерства и владини институции, кои имаат одговорности во областа на животната средина. Собраните информации треба да бидат анализирани со цел утврдување на моменталните краткорочни, среднорочни и долгорочни стратегии за инвестирање во животната средина во Македонија.

- Собирање и анализа на дополнителни информации за состојбата на животната средина, приоритетните еколошки проблеми и потребите од инвестиции. Доколку е потребно може да се предложат дополнителни приоритети за инвестиции и проекти, кои би одговориле на ургентните еколошки проблеми во Македонија.

- Помош на министерството за животна средина и просторно планирање во иницирање на дијалог со другите владини институции и заинтересирани страни од областа на животната средина за потребите и приоритетите за инвестиции во животната средина



Проектот треба да му помогне на Министерството за животна средина и просторно планирање во иницирањето на дијалог со заинтересираните страни од областа на животната средина, кои имаат одговорности и специфични гледишта за приоритетите за инвестиции од областа на живоната средина.

Таков дијалог може да биде реализиран во форма на округла маса, семинар и сл.(организиран од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.
Една од основните активности во проектот е подготвување на извештај за инвестиции од областа на животната срединда во Македонија. Извештајот за инвестиции од областа на животната срединда претставува инпут на Македонија во процесот на развивање и преговарање на регионалната стратегија за спроведување на инвестиции од областа на животната средина во Југоисточна Европа и листата на приоритетни инвестициони проекти.

Извештајот за инвестиции од областа на животната средина во Македонија содржи:

- Краток преглед на состојбата на животната средина и идентификуваните краткорочни, среднорочни и долгорочни приоритети од областа на животната средина;
- Стратешки пристап за дефинирање на национални потреби за инвестиции од областа на животната средина;
- Опис на приоритетни инвестиции од областа на животната средина по тип и достапни информации;
- Листа на приоритетни инвестициони проекти од областа на животната средина, вклучувајќи индикации за адресираните национални еколошки проблеми, засегнатото население од тие проблеми, очекуваниот ефект врз животната средина и финансиски ресурси потребни имплементација на специфични инвестиции;
- Идентификација на потенцијални регионални линкови помеѓу националните приоритетни проекти и можностите за редефинирање на одредени проекти во регионален контекст.
- Преглед на институционалната поставеност и трендовите во финансирањето на инвестициите од областа на животната средина во Македонија
- Собирање и преглед на постоечките информации за моменталната институционална поставеност за финасирање во животната средина во Македонија, како и анализа на трендовите во полето на инвестициите од областа на животната средина (вклучувајќи и промени во финансиските механизми.

Националниот извештај за приоритетни инвестиции во областа на животната средина на Република Македонија беше изготвен кон крајот на минатата година од страна на националните консултанти ангажирани за таа цел од страна на РЕЦ - Сентендре, Унгарија, а одобрено од претходниот Министер г-дин Марјан Додовски, - г-дин Ѓоко Динев и г-дин Пеце Недановски. Фондот за



животна средина од своја страна ги стави на располагање сит достапни податоци со кои располага.

На 15 и 16 декември 2002 год, во Сентендре, Република Унгарија се одржа состанок на тимот кој работи на реализација на овој проект во сите шест држави. Основна цел на овој состанок беше презентација на националните извештаи, подготвени од страна на националните експерти. Извештаите содржат информации за состојбата со животната средина, како и листа на постоечките жаришта во областа на животната средина.

Во извештајот за Македонија, како постоечки жаришта беа наведени: МХК Злетово, Југохром, ОХИС, Фени, Саса, Злетово, Тораница, Бучим од областа на индустријата, како и депониите за цврст отпад во поголемите градови.

Бидејќи основна цел на овој проект е креирање на регионална стратегија за инвестиции во областа на животната средина, како и креирање листа на приоритетни проекти, беше потребно користење на сите расположиви информации и податоци за состојбата со причинителите на загадувањето на животната средина како и податоци за превземени активности во рамки на проекти кои што постојат за горенаведените проблеми.

За успешно реализирање на овој проект, РЕЦ во соработка со меѓународни и домашни експерти, изработи прашалници за идентификација на инвестиционите проекти во областа на животната средина. Со пополнувањето на прашалниците од страна на стопанскиот сектор директно се помогна во утврдувањето национална стратегија за инвестициони приоритети во областа на животната средина, која ќе биде составен дел од регионалната стратегија за инвестиции од областа на животната средина во Југоисточна Европа. Утврдувањето на националните и регионалните приоритетни инвестиции, ќе претставува основа за обезбедување на финансиски средства за имплементација на утврдените проекти чија крајна цел е разрешување на идентификуваните горливи проблеми во животната средина.

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER
for Central and Eastern Europe

ASSOCIAZIONE AMBIENTALISTA
L'UMANA DIMORA Lazio

## TRAINING FOR YOUNG ENVIRONMENTAL LEADERS 2003 - 2004

# Ready to take a big step forward?

**Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?**
**Do you have the potential to be a leader?**
**Are you ambitious, talented and resourceful?**
**Are you hungry to learn new skills and broaden your horizons?**
**Then the Training for Young Environmental Leaders programme has been designed for you!**

### Introduction

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organisational and technological methods in a stimulating international atmosphere,

The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

### Focus

Theoretical training involves interactive group work and individual activities that produce tangible results - NGO and project management, campaign strategies, media relations, communications, fundraising, business plans for NGOs, public participation in environmental decision-making, NGOs and civil society, new approaches to environmental problems, and much more. Participants develop products tailored to their own needs, such as project proposals, funding strategies, press releases and community action plans.

### International exposure

After the theoretical training in Hungary, young leaders will travel to Italy to see first-hand how environmental concerns are tackled. L'Umana DiMora will show them how progressive farms in Italy employ sustainable agricultural practices, how national parks protect biodiversity and how recycling plants sort, recover and pass on valuable materials. They will also witness how NGOs in Italy carry out environmental campaigns and organise their projects within the context of EU regulations. Through this exposure, young leaders will contribute to actual environmental protection programmes, thus gaining valuable experience and building contacts for future cooperation.

Italian experts will also train participants in the preservation of protected areas, national parks and reserves; water resource management; sustainable agriculture and eco-tourism; waste management and cleaner production; animal and wildlife protection; foodstuff certification; energy efficiency; air quality and pollution; and transport and traffic.

### Eligibility and funding

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

For the 2003 and 2004 sessions, the REC invites participants from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Estonia, Hungary, Latvia, Lithuania, Macedonia, Poland, Romania, Slovakia, Slovenia and Yugoslavia.
The REC will cover all costs related to travel, food, training fees and accommodation for participants from the countries listed above.

Participants from other countries (in particular Turkey, Malta and Cyprus) are also invited but are responsible for covering their own costs and fees.

### Selection process

All applications are screened by the REC to identify potential participants. Brief telephone interviews are conducted with selected participants for the final selection. Chosen participants are informed within three weeks after the interview.

### Schedule for 2003

| Training period | Application Deadline |
|---|---|
| June 16 - July 12, 2003 | April 14, 2003 |
| October 20 - November 15, 2003 | August 11, 2003 |

### Schedule for 2004

| Training period | Application Deadline |
|---|---|
| January 12 - February 7, 2004 | November 10, 2003 |
| March 8 - April 3, 2004 | January 12, 2004 |
| May 3-29, 2004 | March 8, 2004 |
| June 14 - July 10, 2004 | April 5, 2004 |
| September 6 - October 2, 2004 | July 5, 2004 |
| October 18 - November 13, 2004 | August 16, 2004 |

### Application and more information

Should you need further information, please do not hesitate to contact Adriana Craciun at the REC. For your convenience, an application form is available at the end of this document. Please complete the form in English, providing complete information as requested, and return it by e-mail, fax or post to.

Adriana Craciun
Project Manager
NGO Support and Capacity Building
Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut 9-11
2000 Szentendre, Hungary
Tel. (36-26) 504-068
Fax (36-26) 311-294
E-mail: acraciun@rec.org

# Нова иницијатива на Европската Комисија за подземни води

Европската Комисија испрати циркуларен и иницирачки предлог за ревизија на директивите на ЕУ за заштита на подземната вода, што претходи на експертскиот состанок кој треба да се оддржи при крај на март, соопшти Environment Daily. Правната регулатива е конструирана да функционира во тандем со други 2000 директиви, која исто така ја игнорира постоечката директива на ЕУ за подземни води од 1980.

Европската агенција за животна средина при прегледот на резултатите истражувања на подземните води во 1999 го истакна недостатокот од компаративни информации.

Две години од стапувањето на директивата на сила, земјите членки на ЕУ мора да воспостават рамки на просечна концентрација на точно утврдени 16 елементи и 3 физичко-хемиски индикатори.

Добиената база на информации за овие "вообичаени индикатори за подземни води на ЕУ" би требале да воспостават основа за идентификација на специфичните проблеми.

Почетоците за еден ваков предлог водат од поранешната Комисија која имала намера да предложи униформирани стандарди за квалитет на водите низ цела Европа.

Индикаторите имаат за цел да го "усогласат вреднувањето на хемискиот квалитет на подземните води во Европа" и можат да се употребат како основа за воспоставување на вообичаени стандарди за квалитет", посочува предлогот.

Предвидените индикатори беа позитивно оценети од некои индустриски извори, но беа критикувани од страна на Stefan Scheuer, претставник од Европското биро за животна средина (ЕЕВ). " Не е јасно како тие може да бидат искористени" изјави тој за Environment Daily.

Врз основа на вообичаените индикатори, државите членки на ЕУ имаат обврска да ги идентификуваат местата каде нивото на било кој индикатор значајно отстапува од просечното. Ова треба да се земе во предвид при понатамошно истражување и доколку се регистрираат вредности над дозволените, да се направат напори за разоткривање на причините и да се превземат мерки за подобрување на квалитетот на подземните води.

Комисијата, исто така, предлага комбиниран пристап за заштита од дифузните и точкастите извори на загадување. Најдобра практика може да се постигне со забрана на употреба одредени супстанции во земјоделството и животната средина, а кои може да се употребат само доколку нивната ефикасност е докажана.

Примена на ваква практика и мониторинг на резултатите може да функционира само за некои хемикалии, Мр Scheuer додаде, истакнувајќи дека поголемо внимание треба да се посвети на заштитата, преку составување на листа на загадувачи на водатата и наведување на високо персистентните супстанции, направена од страна на Комисијата.

Г-дин Scheuer го критикуваше предлогот заради неговата расплинатост и неконцизност. "Неверојатни технички тешкотии се опфатени во повеќе од 50 страни", додаде тој. "Нам ни се потребни само 5 или 6 страни за соодветна директива за подземни води...Најдобрата предлог опција треба да се публикува и од истата да произлезе новата директива.

# Information Intern at The European Foundation Centre

**The European Foundation Centre (EFC)** is an independent international not-for-profit association (www.efc.be), which aims to promote the work of foundations and corporate funders in and with Europe. Based in Brussels, Belgium, the EFC requires enthusiastic flexible interns for the period of one year (from Jul/Aug 2003 till Jun/Jul 2004)

Positions require a responsible individual who is outgoing, yet with a committed and sensible attitude towards work

**We are looking for one full-time "Information Intern"**

Our library and documentation centre in Brussels has an extensive collection on the foundation and corporate funder community in Europe and on a worldwide scale. You will be required to manage the library under supervision. This includes updating the library collection, ordering new publications and carrying out general library duties on a daily basis. You will also deal with information requests and carry out administrative tasks. You will supervise and update the bibliographical database as well as be responsible for the sales database and maintaining the EFC mailing list. Skills required include: good analytical and organisational skills; excellent command of spoken English and close to mother-tongue level knowledge of written English; knowledge of information classification systems; knowledge of basic computer programmes (e.g., Word, Excel, etc.)

**General Information:**

We offer:

1. Stipend of 570 euros per month
2. One round trip ticket back home
3. A language course in a school of our choice
4. 24 days holiday
5. Work Insurance
6. Transportation pass valid for free use of Brussels public transportation for one year

**Accommodation:**

The EFC does not provide accommodation. However before you arrive in Brussels you will be provided with accommodation details although residence in the city is relatively easy to arrange. The average price of accommodation for Students and interns is Approx: 200 - 250 Euros per month (+ One month guarantee)

**Application:**

Send your Curriculum Vita + Cover letter to Isabelle Piette, Librarian-Documentalist, European Foundation Centre, rue de la Concorde 51, B-1050 Brussels, Belgium, Isabelle@efc.be

# Од активностите на РЕЦ во Македонија

Во рамките на Регионалната програма за реконструкција на животната средина за Југоисточна Европа (РЕРеП) од Пактот за Стабилност, во тек е реализација на проектот “Поддршка за развивање на стратегии за имплементација на Архуската Конвенција“. Овој проект е финансиски поддржан од Холандската Влада преку Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) кој има улога на Секретаријат во спроведувањето на програмата РЕРеП. Проектот се спроведува во 6 држави, вклучувајќи ја и Македонија и е раководен од страна на РЕЦ-Сентендре, со поддршка на релевантните министерства за животна средина во земјите на Југоисточна Европа со активно учество на невладините организации.

Во рамките на овој проект, во Македонија моментално е во тек изготвување на стратегија за спроведување на Архуската Конвенција.

Стратегијата за спроведување на Архукста Конвенција во Македонија ја изготвува експертски тим составен од 5 експерти. Според планот на проектот, се очекува првата верзија на стратегијата да биде подготвена до јуни 2003, година, по што ќе следи период на коментирање на предлог стратегијата од страна на инетрминистерската работна група за спроведување на проектот, како и од страна на невлдаините организации во Македонија.

Една од целите на стратегијата е и утврдување на потребите за обука како и утврдување на потребите за информирање на граѓаните за прашања кои се однесуваат на заштитата на животната средина, а се поврзани со одредбите на Архуската Конвенција. Поради тоа, експертскиот тим кој работи на изготвување на стратегијата изработи анкетни прашалници за испитување на потребите за обука и за испитување на потребите за информирање на граѓаните во врска со Архуската Конвенција. Се очекува анкетирање на околу 1000 граѓани на Македонија во врска со потребата од информирање за прашања поврзани со животната средина. Прашалниците за испитување на потребите за обука во врска со Архукста Конвенција беа испратени до министерставта и институциите кои работат на теми поврзани со заштита на животната средина, до сите единици на локална самоуправа, како и до 80 еколошки невладини организации.

## Јакнење на капацитетите на зедниците во Преспанскиот регион

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ), во моментов работи на реализација на проектот “Јакнење на капацитетите на зедниците во Преспанскиот регион “, финансиран од страна на ГТЗ.

Општа цел на проектот е преку гранична соработка за одржлив развој на преспанскиот регион преку подигнување на јавната свест за прашања поврзани со заштитата на Преспанското Езеро и поголжмо учество на заедницата во активностите за заштита на езерото. Општата цел на проектот ќе се оствари преку јакнење на развојот на граѓанското општество преку институционален развој на НВОи и локалните власти.

Една од планираните активности во овој проект беше и организирање на дводневна работилница за планирање на проекти и пишување на предлог проекти.

Работилницата се одржа во периодот од 20 до 22 февруари 2003 година, во Отешево. На работилницата присуствуваааа 40 учесника од Македонија и 20 од Албанија, преставници на невладини организации, медиуми и локални власти од Ресен и Корча. На работилницата се обработија следните темите: планирање на проекти и пишување на предлог проекти.

Последниот ден од работилницата беше организирана заедничка сесија. На оваа сесија учесниците од Албанија и Македонија работеа на изготвување на заеднички предлог проекти. Целта на оваа сесија беше, организациите да разработат идеи за прокети, кои ќе можат да ги поднесат за финансиска поддршка во рамките на програмата **Меѓугранична соработка во рамките на Преспанското и Охридското Езеро.**

# Зелена Недела 2003

Како последица на Светскиот самит за одржлив развој одржан во Јоханесбург, во Брисел од 2 до 5 Јуни 2003, ќе се одржи Конференцијата на Зелената Недела 2003, на која сите заинтересирани страни ќе можат да дебатираат за одржлива потрошувачка и производство, обновлива енергија, климатски промени, водите и други клучни проблеми од областа на животната средина.

Исто така, ќе се одржат бројни политички средби на високо ниво и “традиционална“ конференциска сесија Зелена Недела во која учество може да земат сите заинтересирани страни. Предвидено е да се организираат специјални работилници за млади луѓе и деца и изложба на интересни проекти кои ќе илустрираат најдобра практика во полето на животната средина.

Зелената Недела 2003 е насочена кон локалните, регионланите и националните донесувачи на одлуки и кон заинтересираните страни кои дејствуваат во областа на животната средина како на пример компании, индустриски здруженија и невладини организации.

Една од главните цели на Зелената Недела 2003 е да ги охрабри луѓето “да размислуваат гласно“ за тоа како граѓаните, фирмите, правниците, НВОи, властите, научниците и младите луѓе можат да го променат нивното однесување во животната средина и да го направат светот по пријатно и по здраво место за живеење.

Зелената Недела 2003 исто така Ви дава можност да купите идеи и да развиете пристапи за решавање на проблемите поврзани со животната средина. Тоа ќе Ви обезбеди уникатна можност за запознавање на странски партнери и размена на идеи и искуства.

Конференцијата ќе се одржи во Центарот за конференција "Charlemagne", Rue de la Loi 170, Брисел, Белгија. Он-лине регистрација ќе биде возможна по 15 Март, 2003.

Ако сакате да бидете постојано информирани за развојот на Зелената Недела 2003 регистрирајте се на Green Week mailing list.

За дополнителни информации, Ве молиме контактирајте со:

Bert Van Maele
Environmental Directorate-General
European Commision
Green Week
Rue de la Loi, 200, B-1049 Brussel
BU-9 00/194
Fax: (32-2) 296-9560
E-mail: Bert.vanmaele@cec.eu.int
Web: http://europa.eu.int/comm/environment/greenweek/index_en.htm

# Конференција за Развојот на Еко-туризмот на Балканскиот Полуостров

Неодамна во српскиот град Пирот се одржа меѓународна конферниција на државите и потенцијалите за еко-туризам во Југоисточна Европа, која ја одреди територијата помеѓу Ниш во Србија, главниот град на Бугарија Софија и главниот град на Македонија, Скопје како центар на еко-туризмот на Балканскиот полуостров.

На конференцијата која беше организирана од страна на Географскиот Институт Јован Цвијич во соработка со Бугарската Академија на Науки и Уметности и Факултетот за Туризам и Угостителство во Охрид, Република Македонија, учсетвуваа околу 70 претставници од Србија, Бугарија, Македонија, Русија, Германија, Албанија и Босна и Херцеговина.

Учесниците на конференцијата донесоа заклучок дека од посебно значење е правно да се стимулира ревитализацијата на планинските села, што според нив претставува прв чекор кон развојот на еко-туризмот.

Исто така конференцијата беше можност за Српските експерти да го подигнат својот глас против погрешното искористување на планините, особено српскиот ски центар Копаоник и планинскиот резерват Златибор, преку градење на големи туристички капацитети, што претставува расправа за чување на природните ресурси. Потпретседателот на Балканската Еколошка Федерација, српскиот професор Радивоје Манчич даде некои интересни идеи за одржливиот развој на планинските села. Се на се, беа презентирани повеќе од 60 експертски работи и методологии за равојот на еко-туризмот на Балканскиот Полуостров. Една од темите дискутирани од 31 јануари до 2 февруари исто така беше заштитата на водите на Стара Планина.

Сите учесници на конференцијата имаа можност да пловат со чамци по реката Јерма.

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ



## Научна дебата на експертите на Обединетите Нации за климатските промени

Одборот на Владите на Обединетите Нации за климатски промени (IPCC) забрзано го подготвува четвртиот извештај за оценка на глобалното затоплување, по оджувањето на последната пленарна седница одржана во Женева.

Одборот се согласи да подготви посебен извештај за технологии за прифаќање и чување на јаглеродот во подземни танкови и за глобалното затоплување и супстанциите што ја нарушуваат озонската обвивка. Двата извештаи треба да бидат комплетирани за околу 18 месеци.

Подготовките на IPCC за четвртиот извештај за оценка на влијанијата, кој ќе се објави во 2007 година, се во почетна фаза. Јасно е дека голема важност ќе биде дадена на разговорите за регионалните влијанија за глобалното затоплување, особено во земјите во развој. Претходниот извештај на одборот беше издаден во 2001 година.

## Германија ги рециклира фосфатите од отпадните води

Група од експерти водена од германската агенција за заштита на животната средина, UBA ги истражува средствата за зголемување на употребата на фосфатите од отпадните води и нивно преработување во висококвалитетни ѓубрива. Надоместоците за отпад кои се плаќаат од страна на германските фирмиќе бидат употребени да помогнат во развој на истражувачката дејност.

Загадувањето од фосфатите предизвикува еутрофикација на крајбрежните води, реките, езерата и подземните води. Одговорните лица велат дека и покрај тоа што фосфатите се веќе отстранети од отпадните води, може да се постигне повеќе со намалување на загадувањето и намалена потреба за увоз на фосфати.

Намерата на агенцијата за заштита на животната средина за рециклирање на фосфор резултираше со иницијатива од страна на нивниот шведски партнер минатата година.

Во однос на ова прашање, Шведска се фокусира примарно на употребата на милта како ѓубриво, за разлика од Германија каде постои сомневање дека мулта може да ги загадува обработливите почви.

## Ирска ја интензивира кампањата за вода за пиење

Оваа година Ирската Влада планира да потроши рекордна сума на пари за решавање на проблемите со слабиот квалитет на водоснабдување во селските области. Министерот за животна средина г-динот Мартин Кулен предупреди дека сликата на земјата се уништува поради долотрајните проблеми со селските шеми за водоснабдување и даде ветување дека ќе ги реши проблемите пред да го напушти неговото место како Министер. “ Сите мораат да го туркаат тркалото за да се донесе решение за оваа проблематика “ - додаде тој. Нечистата вода за пиење доведе до критика од ЕУ за Ирска пред три месеци.

## Патниот сообраќај во Италијанските градови топ сцоураге



Во својот најнов извештај Италијанската група за заштита на животната средина Легамбиенте го критикуваше зголеменото ниво на

употреба на автомобили. Се предупредува дека со новиот контроверзен закон за планирање, инфраструктурни проекти, вклучувајќи и изградба на патишта, само ќе ги влоши проблемите.

Легамбиенте се жали дека загадувањето на воздухот поврзано со возилата, особено деликатните честички (ПМ10с) и бензенот, со алармантна зачестеност продолжува да ги надминува пропишаните граници во повеќето градови на Италија. Контролата за опасноста во сообраќајот продолжува да се бара и покрај недостатокот од минатата година на акционен план кој ќе се однесува на проблемите и нивно решавање.

Зголемениот криминал врз животната средина, особено на полето на испуштање на отпад, недоволите мерките за справување со климетските промени и намалената државна поддршка за истражувања се исто така потенцирани како негативни аспекти на Италија во решавањето на проблемите од областа на животната средина.

Позитивните трендови, според Легамбиенте вклучуваат пораст на органското фармерство, кое вклучува 8% од обработливото земјиште. Додека 9% од националната територија сега има статус на заштитена. Секторот за ветерна енергија исто така расте со голема брзина.

Квалитетот на воздхот во градовите се покажува како главна причина која загрижува, се вели во комплетниот извештај за состојбата на животната средина издаден од страна на италијанската агенција за животна средина (Апат). Извештајот обезбедува податоци за 160 еколошки индикатори.



**Рударство и животна средина - Краток курс за невладините организации**



Регионалниот Центар за заштита на животната средина (Сентендре, Унгарија), Институтот за анализи на Екосистемот, Универзитетот во Леобен (Леобен, Австрија) и Факултетот за Природни науки и инженерство, Универзитетот од Мисколц од Унгарија организираат краток курс за невладините организации за проблемите на животната средина поврзани со ископување и процесирање на рудата.

На овој курс ќе присуствуваат членови на невладини организации кои што имплементираат или планираат активности поврзани со теми од областа на рударството во Европа.

Курсот ќе се одржи од 19-22 Мај 2003, на Универзитетот на Мишколц, Унгарија

Прелиминарни теми за работа на курсот се: Рударството и општеството; Минералите во нашиот секојдневен живот; Закони за рударство и правни обврски; Социјални, здравствени и влијанија на животната средина; Технологии и главни ризици; Методи во рудното производство; Методи при процесирањето на рудата; Отпадот од рудите и негово отстранување; Најдобра пракса во третманот на рудниот отпад; Несреќи, инциденти и нивни последици; Што можеме ние да сториме: дела - планирање и реализација; Рударски АПЕЛЛ - алатка за општините (заедниците) за заштита во итни случаеви и нивно ублажување; БАТ документ за испуштање на отпадот; Улогата на невладините организации и нивните достигнувања и други.

Курсот е финансиран од Рамката 5 на Европската Заедница, програма за “Подигнување на јавната свест за Наука и Технологија“ .

# Регионален центар за заштита на животната средина во Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Босна и Херцеговина и Југославија. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животнатасредина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени такашто ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Сработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







**Регионален центар за заштита**
**на животната средина**
**во Централна и Источна Европа**
**Канцеларија во Македонија**

ул. “Митрополит Теодосиј Гологанов“
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

e-mail: rec@rec.org.mk
тел: (02) 131 904
факс: (02) 128 116

*Прима:*

______________________

______________________

☐☐☐☐ ______________

______________